Друштво на писателите
на Македонија
Бр. ДПМ-59-2025
18.7. 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на чл. 33 став 1 алинеи 4 и 7 од Статутот на Друштвото на писателите на Македонија од 17.5.2025 година, Управниот одбор на ДПМ на ден 10.7.2025 г. го усвои следниот:

ПРАВИЛНИК
за наградата „Даница Ручигај“ на ДПМ, за најдобра необјавена поетска книга

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Чл. 1

Овој Правилник ги регулира правилата за доделување на наградата „Даница Ручигај“ за најдобра необјавена поетска книга што ја доделува Друштвото на писателите на Македонија.

Чл. 2

Наградата „Даница Ручигај“ е неделива и мора да се додели според условите и критериумите наведени во конкурсот и во овој Правилник.

Чл. 3

Наградата „Даница Ручигај“ се состои од плакета (повелба) и објава на победничкиот ракопис.

Чл. 4

Во согласност со Статутот на ДПМ, право на учество на конкурсот имаат сите активни членови на Друштвото на писателите на Македонија кои до денот на затворањето на конкурсот ја подмириле својата членарина.

КОНКУРС И КРИТЕРИУМИ ЗА УЧЕСТВО

Чл. 5

- Секој автор може да учествува само со еден ракопис, кој го праќа на електронската адреса отворена наменски за конкурсот, или го доставува (по пошта или лично) во просториите на ДПМ.
- Наградата „Даница Ручигај“ се доделува само за необјавена поетска книга напишана на македонски јазик, или на некој од јазиците на националностите во РСМ со доставен превод на македонски јазик, уредно пријавена на конкурсот што го распишува ДПМ, а во согласност со критериумите и условите наведени во него и во овој Правилник.
- Конкурсот за наградата мора да биде распишан и објавен и да трае најмалку 15 дена пред крајниот датум за доставување на делата.
- Избори или книги во кои има препечатени поголеми делови или целини од други претходно објавени книги, нема да бидат земени предвид.

- На конкурсот може да се пријави само едно дело од еден автор. Коавторски дела нема да бидат разгледувани.

- Дела од членови на жири-комисијата или на нивни најблиски роднини нема да бидат земани предвид.

- Дела од членови на УО се земаат предвид, со тоа што авторите ќе бидат изземени од процедурата на конкурсот, од изборот на жири-комисијата и од други постапки на УО во врска со доделувањето на наградата.

- Делата објавени под псевдоним може да учествуваат на конкурсот само доколку тој псевдоним ѝ е познат на книжевната јавност. Во спротивно, авторот треба да достави доказ за својот вистински идентитет како автор на делото.

- Книгите поднесени по истекот на рокот определен во конкурсот нема да бидат прифатени.

- Учесниците на конкурсот треба да пратат четири (4) печатени примероци од делото (по еден за членовите на комисијата и еден за архива) на адресата „Друштво на писателите на Македонија, ул. „Максим Горки“ бр. 18, 1000 Скопје, или електронски, во ПДФ-формат, на адресата danicaruchigaj2025@gmail.com

Чл. 6

За да биде доделена наградата „Даница Ручигај“, потребно е на конкурсот да бидат доставени најмалку три ракописи.

Чл. 7

Конечната одлука за доделување на наградата „Даница Ручигај“ ја донесува УО на ДПМ врз основа на доставеното мислење/предлог од жири-комисијата, по што го обзнанува добитникот.

Во случај жири-комисијата од најразлични причини да не биде во можност да донесе валидна одлука, конечната одлука за доделување на наградата ја донесува УО на ДПМ.

ВРАЧУВАЊЕ НА НАГРАДАТА

Чл. 8

Врачувањето на наградата „Даница Ручигај“ ја врши претседавачот на жири-комисијата, а настанот се одвива по одредување датум од страна на УО на ДПМ во согласност со Програмата за работа на ДПМ за тековната година, за што соодветно ќе бидат информирани членството и медиумите.

Претседател на ДПМ

Живко Гроздаоски